EHEAROME2020

# Римско министерско коминике

## АНЕКС III

EUROPEAN
Higher Education Area

bologna process

ITALIAN BFUG SECRETARIAT
2018-2020

IN·GLOBAL
Enhancing Knowledge of the EHEA and Global Dialogue

Translated within the Erasmus+ project "IN-GLOBAL Enhancing Knowledge of the EHEA and Global Dialogue" in 2023.

The original version of the Rome Communiqué and its annexes are available on the website of the European Higher Education Area:
https://ehea.info/page-ministerial-conference-rome-2020

Co-funded by
the European Union

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

EHEAROME2020

# Препораки за националните органи за зајакнување на учењето и наставата во високото образование во ЕПВО

Подготвено од Советодавната група 2 на Групата за следење на Болоњскиот процес (BFUG) за учење и настава

Во Парискoто министерско коминике од 2018 година, министрите го најавија додавањето на „соработка во иновативни практики на учење и настава како уште еден белег на ЕПВО".

За оваа цел, до министрите и националните надлежни органи се предлагаат следниве препораки за дејствување за да се зајакне соработката во рамките на европските високообразовни системи и меѓу нив.

Препораките во целост ги почитуваат основните вредности на ЕПВО, кои последно беа изразени во Парискoто коминике од 24-25 мај 2018 година на следниов начин: „Академската слобода и интегритет, институционалната автономија, учеството на учениците и кадарот во високообразовното раководство, како и јавната одговорност за и на високото образование го сочинуваат стожерот на ЕПВО."

Контекстот на здравствената криза со КОВИД-19 дополнително ја нагласува важноста на препораките на Групата во неколку аспекти. Особено се важни оние во врска со потребата за педагошка иновација и дополнителен развој на онлајн образованието и отворените образовни ресурси, како и оној поврзан со зајакнување на врската помеѓу образовното истражување и наставата.

Препораките сумирани во продолжение се структурирани околу потребата за настава во чиј центар е студентот, зајакнување на наставата и сеопфатната важност на националниот и меѓународниот дијалог што ги опфаќа сите чинители. Овие три теми се меѓусебно поврзани и еднакво важни.

Препораките, исто така, ја истакнуваат клучната важност на зацврстување на алатките од Болоњскиот процес, особено ЕКТС, за да се означат постигнатите резултати од учењето и обемот на работа поврзан со нив и другите клучни обврски од Болоњскиот процес. Јавните органи одговорни за високото образование треба да се обврзат:

**1.** Да ја направат наставата во чиј центар е студентот реалност преку:

- Поддршка за високообразовните институции во нивните напори да започнат или да одржуваат структурен дијалог за иновација и зајакнување на учењето и наставата во кој ќе бидат вклучени студентите, наставниците и релевантните надворешни чинители. Меѓу прашањата за кои ќе се зборува треба да бидат и развојот на наставните планови, резултатите од учењето, оценувањето и осигурувањето квалитет со соодветно внимание посветено на вештините што се потребни за соочување со сегашните и идните предизвици на општеството;
- промовирање, во рамки на дисциплинарните курсеви, на развој на меки вештини и вештини што му се потребни на просветлениот граѓанин на XXI век за да може да ги разбере предизвиците на сложениот свет и да ги почитува другите и околината;
- истражување на начини за да се стимулира меѓуграничната размена на добри практики за поддршка на зајакнувањето на квалитетното учење и настава, нагласувајќи ги активните методи;
- создавање околина на поддршка, во однос на финансии и прописи што ќе им овозможи на високообразовните институции да го приспособат понуденото образование на потребите на различни видови ученици (доживотни ученици, вонредни

ученици, ученици од недоволно застапени и непривилегирани групи) и да изградат култура за еднаквост и инклузија. Ова вклучува создавање флексибилни патеки за учење (вклучително и микродипломи) на институционално и национално ниво и низ ЕПВО и истражување на можностите што ги нудат дигиталните технологии за да се направи тоа;

поттикнување и поддршка за развојот и спроведувањето на националните и институционалните стратегии и пристапи за Отворено образование и употребата на Отворени образовни институти;

стимулирање на студентите да бидат мобилни надвор од претходно дефинираните договори меѓу поединечните универзитети.

**2.** Да поттикнува континуирано зајакнување на наставата преку:

промовирање на основањето образовни тимови во кои ќе бидат вклучени и професори и кадар задолжен да им помага или да ги обучува во нивните мисии (институционални или меѓуинституционални тимови);

поддршка за високообразовните институции во зајакнувањето на континуираниот професионален развој (КПР) на наставниците и (меѓуграничната) размена на добри практики. Меѓуинституционалните мерки за развој на кадарот и создавањето заеднички национални структури може да се сметаат за начин на зајакнување на КПР;

поддршка за високообразовните институции во создавањето на одржлива и поволна средина на институционално и национално ниво за трансформација, особено дигитална, на квалитетната настава и учење. Таквата средина треба да се создаде во соработка со кадарот одговорен за настава и да вклучува и рамка со пристојни работни услови и остварлив обем на работа во наставата како и привлечни можности за избор во доживотни наставни звања (tenure);

осигурување, во соработка со високообразовните институции (од кои се очекува да ги вклучат сите оние што се одговорни за наставата), структурни мерки за да се осигури еднакво вреднување на наставата и научното истражување. Доколку е потребно, треба да се ревидираат шемите за академска кариера за да се осигури подобро признание за наставата во академските кариери;

истражување, во соработка со високообразовните институции, на начини да се поттикнат нови и иновативни методи на изведување настава со фокус на интердисциплинарните и мултидисциплинарните пристапи, учење и настава засновани врз научно истражување, соодветна употреба на аналитика на учење и отворено образование, како некои од иновативните пристапи.

**3.** Да се зацврсти капацитетот на високообразовните институции и системите за зајакнување на учењето и наставата преку:

вклучување на зајакнувањето и предавањето во националните високообразовни стратегии и пристапи. Дизајнот на таквите стратегии и пристапи треба да послужи како основа за структурен и континуиран дијалог со високообразовните институции и другите чинители во студентската и наставната заедница;

поддршка за стратешкиот развој и капацитетот за иновации на учењето и предавањето на национално и институционално ниво, преку емпириско образовно истражување, проекти и пилот-проекти и собирање и користење на податоците за образованието, почитувајќи ја приватноста на податоците;

истражување начини за да се стимулира и да се поддржи меѓуграничната размена на добри практики на национално ниво и низ ЕПВО, на пример, со платформи за размена и соработка;

распределба на соодветни и стабилни средства за финансирање и ресурси и, по потреба, донесување регулаторни рамки соодветни за таа цел, за да им се овозможи на високообразовните институции да развијат иновативни и висококвалитетни средини за настава и учење.

Групата за следење на Болоњскиот процес, во следниот работен план, треба да го поддржи спроведувањето на препораките во врска со учењето и наставата со цел да оствари заеднички напредок во ЕПВО и да извести за резултатите во рамки на Извештајот за спроведување на Болоњскиот процес за 2024 година.

Co-funded by
the European Union

This translation is co-funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

EUROPEAN
Higher Education Area

bologna
process

ITALIAN **BFUG** SECRETARIAT
**2018-2020**